ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Март 2024 година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Март 2024 година оствари негативен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2024 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Технокомерц АД - Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи изнесуваат 89,030 илјади денари и тие се за 41,62% намалени во споредба со вкупните приходи остварени во 2023 година.
Приходите од продажба се намалени за 38,35 % во споредба со 2023 година кога изнесуваа 152,505 илјади денари.

**Вкупни расходи**

Вкупни расходи достигнаа износ од 99,288 илјади денари и тие се за 24,11% намалени во споредба со расходите остварени во 2023 година.
Од вкупните расходи 98,37% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 1,63% од вкупните расходи.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 31.03.2023 година изнесуваат 105,384 илјади денари и тие се за 1,33 % зголемени во споредба со вкупните обврски по кредити во 2023 година.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за дадениот период изнесуваат 995 илјади денари.

**Нето загуба**

Технокомерц АД - Скопје за периодот од 01.01.-31.03.2024 година забележа загуба од 10,257 илјади денари. Од вкупната загуба 8,637 е оперативна загуба, додека загубата од финансиското работење изнесува 1,620 илјади денари.

**Очекувања за престојниот период**

Во наредниот период, целта на друштвото е постигнување на позитивен финасиски резултат.
За остварување на поставената цел се планира да се превземат следните активности: зголемување на продажбата, интензивирање на активностите за наплата на побарувања, обезбедување на тековна ликвидност на друштвото како и рационализирање на трошоците на работењето.

Технокомерц АД Скопје